# ИНФОРМАТОР ЗА **ДИСКРИМИНАЦИЈА**

**2019**

**ОКТОМВРИ**

Нееднаквиот третман кон определено лице или група на лица поради нивните лични карактеристики претставува дискриминација. Основите, видот и областите во кои дискриминацијата се забранува најдетално се опфатени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Прифаќањето на различностите и заштитата од дикриминација се многу важни за напредокот на секое општество. Од овие причини Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Хелсиншкиот комитет ги набљудуваат случаите на дискриминација, активностите на државата и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Информаторот ги прикажува податоците од набљудувањето во текот на еден месец.

## Случаи на дискриминација

Нееднаков третман овој месец: **8**

### ОБЛАСТ

| Област | Број |
|---|---|
| работни односи | 0 |
| образование | 0 |
| социјална сигурност | 0 |
| здравство | 5 |
| пристап до добра и услуги | 0 |
| домување | 0 |
| медиуми | 2 |
| избирачки права | 0 |
| друго | 1 |

## Реакции

Реакции овој месец: **11**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА

| Вид на реакција | Број |
|---|---|
| осуда од функционери | 0 |
| соопштение од здр. на граѓани | 11 |
| протест | 0 |
| мислења на Народен Правобранител | 0 |
| мислења на Комисија за заштита од дискриминација и Државни институции | 0 |
| останато | 0 |

### ПРЕВЕНЦИЈА

| Превенција | Број |
|---|---|
| Активности на ДИ | 0 |
| Активности на здрж. на граѓани | 2 |

## Карактеристики на жртвата:

| Карактеристика | Процент |
|---|---|
| род | 12.5% |
| родов идентитет | 0% |
| пол | 0% |
| сексуална ориентација | 12.5% |
| етничка припадност | 12.5% |
| попреченост | 0% |
| корисници на droги | 62.5% |
| друго | 27% |

### ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| Облик | Број |
|---|---|
| директна | 5 |
| индиректна | 0 |
| вознемирување | 3 |

### СУДСКИ ПОСТАПКИ

| Постапки | Број |
|---|---|
| Тековни судски постапки | 0 |
| Позитивни пресуди | 0 |
| Негативни пресуди | 0 |

СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2019




## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ОД ОКТОМВРИ 2019

### СЛУЧАЈ:

Во месец октомври неколку медиуми известија за изјавата на поглаварот на Исламската верска заедница (ИВЗ), Сулејман Реџепи, кој на новинарско прашање околу ултиматумот што му го поставил Скендер Бузаку за оставка од позицијата, одговара дека во Исламската верска заедница нема место за „гејови“ и дека тие треба да бидат надвор од неа.

Хелсиншкиот комитет, заедно со останатите членки на Мрежата за заштита од дискриминација, упати остра осуда кон Сулејман Реџепи поради неговата изјава. Особено загрижувачки е тоа што изјавата е дадена од поглавар на верска заедница, кој повикува на исклучување на геј-луѓето од таа заедница. Ваквата изјава го загрозува остварувањето на слободата на религиско уверување и вероисповест, гарантирана со членот 19 од Уставот на Република Северна Македонија. Имено, секој има право слободно и јавно, поединечно или во заедница со други, да ја практикува својата вера. Имајќи предвид дека изјавата е јавно искажана, таа носи штетни последици за геј-луѓето, коишто се наоѓаат на маргините во нашето општество и секојдневно се соочуваат со исклучувања во речиси сите аспекти на живеењето. Верското уверување на Сулејман Реџепи не го ослободува од обврските кои тој како граѓанин ги има според Уставот, законите и другите прописи. Ова подразбира дека тој треба да ги почитува основните права на сите, вклучително и на геј-луѓето, помеѓу кои и заштитата од дискриминација и од вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет.

Исламската верска заедница, но и други верски заедници, честопати застапуваат ставови против правата на ЛГБТИ-луѓето, шират говор на омраза и стигматизирање на сексуалните и родовите малцинства. Затоа, Хелсиншкиот комитет јавно ги повикува верските заедници да го преиспитаат своето дејствување и своите ставови во однос на ЛГБТИ-луѓето. Иако, во повеќето религии можат да се најдат текстови и вредности што повикуваат на еднаквост и емпатија, поглаварите на овдешните верски заедници одбираат да ја толкуваат религијата како изговор за непочитување на правата на ЛГБТИ-луѓето.

### СУДСКА ПРАКСА:

Во случајот Ј. Д. и А. против Велика Британија[1], Европскиот суд за човекови права утврди повреда на членот 14 (забрана за дискриминација) во врска со членот 1 (заштита на сопственоста) од Протоколот број 1 кон Европската конвеција за човекови права. Судот утврдил дека новите правила во Велика Британија за бенефиции за домување се дискриминаторски кон жртвите на семејно насилство.

Имено, жалителката живеела во социјален стан и добивала надоместок за киријата. Откако во 2012 година биле донесени нови правила за домување, нејзините бенефиции биле намалени поради тоа што таа имала повеќе спални соби од дозволеното. Жалителката, која била со висок ризик од семејно насилство, била вклучена во „Системот на засолшните“, што подразбирало прилагодување на нејзиниот дом, односно, воспоставување на „соба за паника“ во поткровјето за неа и нејзиниот син, со кој живеела во трособен стан. Жалителката аплицирала за Дискрециони плаќања за домување, како би можела да го надомести делот од бенефициите што ѝ бил намален со новите правила за домување, при што ѝ бил одобрен привремен надомест. Потоа, повела постапка за судска заштита пред домашните судови, но нејзините барања биле одбиени како неосновани.

При одлучувањето, Европскиот суд за човекови права уште еднаш повторил дека лицата кои биле жртви на родово базирано насилство (потенцирајќи дека најчесто тоа се жените), можат да бараат заштита од дискриминација, повикувајќи се на членот 14 од Конвенцијата. Судот исто така истакнал дека каков било различен третман врз некоја од основите предвидени во членот 14, е дискриминаторски доколку не може објективно и разумно да се оправда. Државите не само што треба да ја избегнуваат дискриминацијата, тие имаат обврска да обезбедат различно постапување спрема луѓето кои се наоѓаат во значително различни ситуации, доколку тоа е неопходно. Економските и социјалните мерки на државите не смеат да бидат дискриминаторски, и покрај широката „маргина на дискреција“ која ја имаат државите при нивното донесување. Какво било разликување врз основа на родот подразбира дека причините за такво разликување мора да бидат оправдани и да бидат во согласност со Конвенцијата.

Според Судот, во конкретниот случај, целта на регулативата за домување е во конфликт со целта на „Системот на засолниште“, односно да им овозможи на жртвите на родово базираното насилство да останат во своите домови. Судот утврдил дека ефектот од постапувањето кон жалителката на ист начин како другите коишто подлежат на новите правила за домување, бил непропорционален. Дополнително, Владата на Велика Британија не успеала да го оправда приоретизирањето на целта на правилата наспроти овозможувањето на жртвите на семејно насилство да останат во своите домови. Во контекстот на семејното насилство, државите имаат обврска да ги заштитат лицата и од други закани, вклучително и во ситуации кога на жртвите им е загрозено правото на живот без насилство.

[1] Ј. Д. и А. против Велика Британија (Applications nos. 32949/17 and 34614/17) https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22article%22:[%2214%22],%22documentcollectionid2%22:[%22GRANDCHAMBER%22,%22CHAMBER%22],%22violation%22:[%2214%22],%22itemid%22:[%22001-196897%22]}

### РЕСУРСИ:


1. Европска мрежа против расизмот „Извештај на Мрежата за Европскиот симпозиум за интерсекционалност: алатка за еднаквост и правда“ –

https://www.enar-eu.org/IMG/pdf/report_intersectionality_symposium.pdf

2. Европска мрежа против расизмот „Прирачник: Расата и менталното здравје на работа – Обезбедување добросостојба и еднаквост на работното место“ –

https://www.enar-eu.org/IMG/pdf/equalatwork2019_final_lr.pdf

3. Министерство за труд и социјална политика, Државен завод за статистика „Индекс на родова еднаквост за Северна Македонија“ –

http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/2019/Gender%20Index_MK_01.pdf

4. Хелсиншки комитет за човекови права „ПРИРАЧНИК - За примена на Факултативниот протокол на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените“ –

https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2019/10/cedaw_mk_prirachnik-1.pdf

5. Коалиција МАРГИНИ „Нееднаквости во здравјето и правата на ЛГБТ-младите на 13 и 15 години во Северна Македонија“ –

https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2019/10/cedaw_mk_prirachnik-1.pdf

6. Платформа за родова еднаквост „Реакција на Платформата за родова еднаквост против говорот полн со омраза и вознемирувањето врз основа на род кое го шири Миленко Неделковски“ –

https://mhc.org.mk/news/reakcija-na-platformata-za-rodova-ednakvost-protiv-govorot-poln-so-omraza-i-voznemiruvanjeto-vrz-osnova-na-rod-koe-go-shiri-milenko-nedelkovski/

7. Мрежа за заштита од дискриминација „Остра осуда на хомофобичната изјава на поглаварот на Исламската верска заедница, Сулејман Реџепи“ –

https://mhc.org.mk/news/ostra-osuda-na-homofobichnata-izjava-na-poglavarot-na-islamskata-verska-zaednica-sulejman-redzepi/.


Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**